Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопј[illegible]9

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да запознава нови зборови и термини кои се користат во наставата по ликовно образование;
- да применува разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да се оспособува да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- да умее да искажува различни емоции преку ликовно изразување;
- да развива културно-хигиенотехнички и работни навики;
- да развива потреба за чување и облагородување на својата околина;
- да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
- да развива способност за визуелна и тактилна перцепција;
- да развива љубов кон ликовната уметност и кон уметностите воопшто;
- да се запознава со компјутерската техника за цртање линии и разни форми.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се поттикнува преку цртежот да искажува мисли, расположение;<br>- да стекнува навики за правилно држење на телото при цртање;<br>- да ги препознава и именува подлогите и цртачките материјали;<br>- да се охрабрува и мотивира да ги користи средствата и цртачкиот материјал;<br>- да развива чувство за линијата низ спонтано ликовно творење;<br>- да воочува и разликува форми, линии и големини во природата;<br>- да се оспособува да црта линии и да се запознае со брзината на движењето при цртањето на линиите;<br>- да го опишува со свои зборови цртежот (како го доживува);<br>- да црта мотив од народното творештво (вез, шара и сл.).<br>- да ги развива и негува хигиенските навики;<br>- да ги развива и негува работните навики;<br>- да развива способност за пренесување | - Основни ликовни средства за цртање и нивната употреба<br><br>- Ликовни елементи во цртањето<br><br>- Цртање | - Средства за цртање<br>- линии<br>- видови линии<br>- тек на линиите | - При прошетки ја набљудува и запознава непосредната околина и ги забележува нејзините ликовни карактеристики (линии, форми, големини и др.).<br>- Забележува детали и ги претставува во просторот (пред-зад, горе-долу, лево-десно).<br>- Црта линии со различна дебелина, правец, интензитет и прецизност и ги применува во ликовна целина.<br>- Црта со различни моливи (ХБ, Б1 до Б12), набљудува и заклучува со каков интензитет, прецизност и квалитет е линијата, зависно од моливот што се користи.<br>- Истражува со различни материјали по различни ликовни подлоги (песок, снег, стара хартија и сл.).<br>- Црта по набљудување, помнење и фантазија.<br>- Црта цртежи во кои го изразува сопственото расположение (емоции, желби, интереси). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на емоциите преку цртеж. | | | - Учествува во цртање на групен цртеж.<br>- Црта по свој избор.<br>- Примена на ИКТ. |

| **ДВИЖЕЊЕ ВО ПРОСТОРОТ** (ориентационо 28 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да развива чувство за отворен и затворен простор;<br>- да разликува отворен од затворен простор;<br>- да ги перципира и разликува елементите во просторот;<br>- да се оспособува за прикажување на фигурите во движење. | - Претстава за отворен и затворен простор<br><br>- Приказ на фигури во просторот | - Простор<br>- Фигури | - Низ прошетки го набљудува, воочува и забележува богатството на боите во природата.<br>- Низ прошетки и игровни активности создава претстава за отворен и затворен простор.<br>- Споредува траги што сликарските бои ги оставаат на разновидни подлоги.<br>- Истражува и самостојно забележува фигури во просторот.<br>- Вежби за ракување со ножици и користење лепак.<br>- Слободно ги користи ликовните материјали, игра експериментира и комбинира по сопствена фантазија.<br>- Воочува фигури во непосредната околина и ликовно ги прикажува (применува ликовна техника по свој избор). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Црта по доживеано.<br>- Посетува ликовна изложба во училиштето и во други ликовни институции. |

| **СЛИЧНОСТИ И КОНТРАСТИ ВО ПРОСТОРОТ** (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособува да разликува контрасти (големо-мало, тркалезно-аглесто);<br>- да ја набљудува и истражува околината и да ги забележува сличностите и разликите- контрастите во природата и околу себе;<br>- да стекнува елементарно искуство за карактеристиките на одделни предмети: едноставен-сложен, аглест-валчест, полн-празен, голем-мал;<br>- да се оспособува за правилно користење на средствата и помагалата за моделирање и градење;<br>- да се оспособува да применува контрастни тонови;<br>- да се оспособува да применува контрастни бои. | -Контрасти<br><br>-Видови контрасти | - Големо-мало<br>- Празно-полно<br>- Вдлабнато-испакнато<br>- Отворено-затворено<br>- Издупчено<br>- Внатрешен и надворешен простор | - Вежби и игровни активности за воочување контрасти.<br><br>- Преку прошетки забележува и именува различни видови контрасти.<br><br>- Работилници: истражува и воочува карактеристики на предметите во просторот.<br><br>- Самостојно и со помош изработува разни форми.<br><br>- Претставува предмети со различни бои. |

| ОСНОВНИ И СЕКУНДАРНИ БОИ (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознае со основните и секундарните бои;<br>- да ги разликува и именува боите;<br>- да се оспособи да применува и да ги комбинира боите;<br>- да развива способност за соодветно користење на боите;<br>- да се оспособува за доживување на природата преку боите;<br>- да ги изразува своите чувства преку боите;<br>- да се оспособува за создавање секундарни бои;<br>- да ги нанесува и комбинира боите на цртеж;<br>- да ја развива својата фантазија;<br>- да ја гради и развива својата умешност. | -Основни бои<br>-Секундарни бои<br>-Добивање секундарни бои<br>-Комбинирање на боите<br><br>-Создавање цртеж со комбинирање на боите | - Бои<br>- Цртеж | - Низ вежби и игровни активности да ја открие лепезата бои и нивното комбинирање.<br>- Преку прошетки да забележува и именува основни и секундарни бои.<br>- Преку вежби да се оспособува за создавање секундарни бои.<br>- Вежби: да се поттикнува да ја користи фантазијата при ликовното изразување.<br>- Да се поттикнува активно да учествува во ликовните работилници.<br>- Вежби: да се поттикнува да изработува цртежи по сопствен избор.<br>- Во текот на реализацијата на ликовните работилници да се запознае со создавањето бои со помош на компјутер.<br>- Примена на ИКТ. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: македонски јазик, математика, запознавање на околината и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Давањето инструкции, односно налози за изведување одредени вежби и активности треба да биде во согласност со остатоците на слух кај учениците. Наставникот треба да има увид во можностите за аудитивна перцепција кај учениците и адекватно на тоа да дава налози по соодветен пат. Начинот на комуникација може да биде со употреба на знаковен јазик, читање на говорот од уста (следејќи ги правилата за визуелна перцепција на говорот) или со употреба на пишаниот метод (каде што во писмена форма се даваат сите налози и објаснувања за вежбите што ученикот треба да ги изведе во текот на часот). Најдобри резултати во однос на разбирањето на налозите може да се добијат со употреба на тоталната метода на комуникација при што се искористуваат остатоците на слух и одредена аудитивна перцепција, се употребува знаковниот јазик и сите движења на телото при објаснувањето на вежбите и, секако, користењето на адекватна фацијална експресија.

Бидејќи станува збор за ученици кои имаат одреден степен на попреченост се препорачува изведување вежби за психомоторна реедукација. Пред сé, внимание треба да се посвети на латерализацијата која ни дава информации за матурацијата на нервниот систем, како и на вежбите за координација на движењата.

Со оглед на специфичната природа на слушните оштетувања и корелацијата со предметот музички стимулации и ритмички вежби се препорачува изведување вежби за правилна артикулација и правилно дишење пред започнување на изведувањето на планираните активности и содржини.

Учениците со слушни оштетувања треба да се мотивираат за креативно изразување преку различните ликовни техники и материјали.

Налозите од страна на наставникот треба да се даваат со употреба на методата на тотална комуникација и сите новоусвоени зборови, односно поими во функција на наставниот предмет треба да се запишуваат. Од учениците треба да се поставуваат барања секој нов усвоен збор или поим да се употреби во различни и нови контекстни ситуации.

- ***Наставни средства:***
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - дидактички средства и материјали;
  - визуелни средства (предмети од непосредна околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
  - слајдови, сликовници, списанија и сл.;
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот).
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективна соработката и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

*Начини на проверување и оценување:*

- **описно оценување**:
  - ✓ опсервација на ученикот;
  - ✓ разговор како начин на изразување;
  - ✓ вербално опишување на сопствениот цртеж;
  - ✓ степен на совладување на ликовните техники;
  - ✓ индивидуални креативни способности;
  - ✓ учество и изведба на ликовна творба;
  - ✓ воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
  - ✓ презентација на ликовните ученички творби;
  - ✓ креативно изразување и творење во ликовните техники;
  - ✓ препознавање на ликовните техники и материјали;
  - ✓ активно учество во тимската работа и др.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *ликовно образование* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

---------------------------------------------

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, --------------------------------